ADING

# ПРАЈМЕР В

*Еднокомпонентен прајмер на акрилатна основа*

## Област на примена:

Прајмер В претставува претпремаз наменет за прајмерирање на внатрешни и надворешни површини пред нанесување на завршни декоративни и заштитни премази на база на водени дисперзии, малтери, смеси за израмну-вање, лепила и подни системи. Се користи врз подлога од бетон, асфалт, малтер, гипс-картон, камен, тула, стари премази и сл.

## Својства:

- Одлична атхезија за подлога;
- Водоотпорен (во врзана состојба);
- Паропропусен;
- Нетоксичен;
- Не содржи растворувачи;
- Економичен;
- Едноставна изведба;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Изглед: | Бела Течност |
| Содржина на суви материи: | 24±1% |
| Волуменска маса: | 1,0-1,05 g/cm$^3$ |
| pH вредност | 8-9 |
| Време на сушење | 30 до 60 мин. |

## Подготовка на подлогата:

Подлогата на која се нанесува Прајмер В треба да е здрава, чиста, обеспрашена и обезмастена. Слабо присуство на влага е дозволено, доколку материјалот за кој е наменет Прајмерот го дозволува тоа. Доколку има остатоци од нестабилна боја и малтер, масла, растенија и слично истите треба да бидат одстранети.

## Вградување:

Вградувањето на Прајмер В се врши со четка или јарец. Прајмер В се нанесува во еден слој.
Во зависност од порозноста на подлогата, се разредува во соодное Прајмер В: Вода = 1:3 до 1:4 и се меша до потполна хомогенизација.
Кај многу порозни подлоги каде се користи поразреден материјал, по проценка, постапката на нанесување на Прајмер В може да се повтори.
По нанесувањето на Прајмер В, обработените површини треба да се заштитат од силен провев и дожд.Температура при вградувањето треба да се движи во границите од +5°C до +35°C.
Премазот или наносот за кој е наменета подлогата се препорачува да се нанесе 30 мин. по нанесу-вањето на Прајмер В.

## Потрошувачка:

За еден слој 0,15 - 0,25 kg/m$^2$

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по неговата употреба.

## Пакување:

Во пластични канти од 1,5, 20 kg.

## Складирање:

Во оригинална затворена амбалажа при нормални услови, заштитен од директна изложеност на сонце. Рок на употреба 12 месеци.

ДЕКОРАТИВНИ ПРЕМАЗИ И МАЛТЕРИ

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата (да се користат заштитни ракавици). Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар: Прајмер В е незапалив материјал
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Прајмер В се мијат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11, 1060 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: + 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: + 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk